РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 07-1010/2
27.02.2026
СТРУМИЦА

Врз основа на член 39 став 1 точка 13 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица бр.05/2006, 15/2007, 02/2010, 01/2015 и 08/2018) членовите 22 и 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), и член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/2019, 14/2020 и 208/24 ), а согласно со Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Струмица (Број 01-4735/1 од 13.06.2018 година), и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Струмица (број 01-5912/1 од 30.07.2019 година, број 01-6395/1 од 05.11.2020 година, број 01-1664/1 од 18.03.2021, број 01-7288/4 од 16.12.2021 година, број 01-3765/1 од 19.05.2022, број 01-9819/1 од 13.12.2022 година, 01-773/1 од 05.02.2025 година и 01-8353/1 од 20.11.2025 година), Градоначалникот на Општина Струмица објавува

**Ј А В Е Н  О Г Л А С бр.02/2026**

за прием на работник на неопределено време во
општинската администрација на Општина Струмица,
за следново работно место:

1. УПР 04 05 А03 001- Курир, во Одделението за урбанизам, Сектор за урбанизам и комунални работи ..........................................................................................1 извршител

**Општи услови**

- да е државјанин на Република Македонија,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Кандидатите, покрај општите услови треба да ги исполнуваат и следните

**Посебни услови**

- ниво на стручни квалификации I според Македонската рамка на квалификации или основно образование.
- со и без работно искуство во струката

Распоред на работно време
- Работни денови: понеделник – петок
- Работни часови неделно 40 часа
- Работно време од 8:00 часот од 16:00 часот.

Паричен нето износ на плата: 32.520,00 денари

Изборот на кандидатите ке се изврши согласно член 23 став (2) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/2005...120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19 … 114/25).

Пријавата со потребните документи во хартиена форма кандидатите треба да ги достават во архива на општина Струмица, ул. „Сандо Масев“ бр.1, 2400 Струмица.
Телефон за контакт 034/348-030 локал 156
Огласот трае 3 (три) работни дена од денот на објавувањето.

Градоначалник
на општина Струмица
Петар Јанков

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА СТРУМИЦА